

# Оливер Мусовиќ
# КОРУМПИРАНИ ПЕЈЗАЖИ

# _Oliver Musovik
# CORRUPTED LANDSCAPES

Мобилна/монтажна галерија на ЦСУ Центарот за современи уметности, Скопје

_CAC Contemporary Art Center Mobile/Montage Gallery, Skopje

# Оливер Мусовиќ
# КОРУМПИРАНИ ПЕЈЗАЖИ

## _Oliver Musovik
## CORRUPTED LANDSCAPES


Мобилна/монтажна
галерија на ЦСУ
Центарот за современи
уметности, Скопје

_CAC Contemporary Art
Center Mobile/Montage
Gallery, Skopje

26.10.-3.11.2017

Оливер Мусовиќ на изложбата "Корумпирани пејзажи" преставува неколку нови, досега неизложувани дела / фотографски серии кои откриваат просторни практики на корупцијата и корозија на економскиот и граѓанскиот ред во Македонија - нелегална градба, корупција во градежништвото и сл.

„*Со преставување на овие предели се надевам ќе се направи јасна врска помеѓу конкурентните интереси и мрежите на моќ кои овозможуваат да надвладее посебен интерес во просторните политики. Пејзажот денес е социален конструкт, на кој човекот влијае и го менува со изградба, па така станува поле на постојан конфликт и компромис помеѓу она што е зададено и ограничено од страна на општиот интерес преку разните нивоа регулација и приватните интереси кои се обидуваат ја зголемат својата сфера и да ги изиграат зададените правила. Во таа борба на интереси се создава еден зачуден* (uncanny) *простор кој е и познат и туѓ во исто време, простор кој има нивои на значење кои не се секогаш сфатливи.*“

At the exhibition “Corrupted Landscapes” Oliver Musovik presents newer works, photographic series that reveal spatial practices that represent the corruption and corrosion of economic and civic order in Macedonia - illegal building practices, corruption in construction industry etc.

“I am hoping to make clear the links between the competing interests and reveal the networks of power that allow a particular interest to prevail. The landscape today is a social construct, that human has influenced and altered with construction, so it becomes a field of perpetual conflict and compromise between what is established by authority and what particular private interests try to maximize. I encounter here an uncanny world that gives way to space that I expect to be familiar but comes across as alien.”

*Тоа практично значи - го изгубивме овоштарникот.*

На што точно реферира оваа реченица која е дел од најновата изложба насловена „Корумпирани пејзажи“ на Оливер Мусовиќ?
Таа имплицира дека она што некогаш припаѓало некому сега е на друг, потпомогнато од општествените процеси на приватизација и денационализација и од брзорастечките апетити на бизнис елитите, тенденциозно бришејќи го и сеќавањето на општествената сопственост. Градот, селото, државата станува палимсест од продукти за пазарот и профитот и сето тоа има влијание и на човековата психа и однесување и на неговите / нејзините права.

Овој текст контексуализира обратен приод кон самата поставка - тргнува од личната приказна која на широко говори за семејни земјишта / поседи / сопствености кои во процесот на денационализација доведоа до многу конфузии, приватизирајќи ги односите како дел од сеопштото приватизирање на државата.  Во случајов, дискурзивниот аспект на самата поставка посочува реверзибилна постапка т.е. води од приватното - лично кон државното - приватно имајќи го на ум наследството на општествената сопственост. Идејата е да отвори поинакви аспекти на мноштвото на сингуларности соочувајќи нѐ со поимите на „мое, твое и наше“ во кое многу странични последици почнаа да доминираат - како корупцијата и нелегалната градба.

Токму овие феномени тематски ја градат оваа поставка, каде Мусовиќ создава топоними, одбележува места и ги омеѓува во јавниот простор и сфера со интенција не да опримеруваат пракси, туку да сведочат за тоа како не треба да биде. Тој во рамките на оваа изложба бунтовно врежува слики каде се одиграле лични/ колективни судбини поигрувајќи си со тематиката на пејзажот кој во овој контекст може да се перцепира како социјален и политички конструкт, како поинаква визуелна перцепција на земјата или како капиталистички продукт. Полуиндустринската архитектура, работата на патиштата или предградските пејзажи како фотографски теми стануваат провалници во пејзажот, како нешто што не се сместува пријатно во него. Тој гради мета приказна за нивоата на коруптивното навлегување и оштетување не само во урбаните средини туку и во природата на некој начин архвирајќи ги срушените сни и аспирации за подобар живот но и транзицијата кон неолиберално капиталистичката логика која го постави профитот во центарот на општествената стварност.

Менувањето на изгледот во строгите централни позиции во градот доведе во занемарување и скренување на вниманието од помалите хиерархии на моќ и корупција кои ги ослободија процесите на пуштање и распуштање, ширење на сметка на заедничкото. Во насока на она што го вели Рем Колхаас дека не може да се сфати градот без да се биде свесен за она што се случува во неговата околина, Мусовиќ тоа го опримерува преку фотографските циклуси на илегална градба во Македонија во помал обем, но неговиот интерес се движи сé до државните скандали или аферата ФИКОМ како и фотографии од автопатот Кичево-Охрид, чија изградба е предмет на

истражување за корупција и каде природата е предмет на скврнавење.

Тој ги именува ненамерно овие места насловувајќи ги како што се насловени и циклусите: „Запоседнување“, „Обновување“, „Дивоградби (Штип)“, „Узурпација: Овоштарникот“, „Антигона 2“, „Напуштеност“ и „Патоградба (Автопат)“. Она што е карактеристично е дека има една доследност на својата пракса преку помалку ироничните тексуални описи на фотографиите иако овде тие не се застапени во голем број но се оддалечува од „исповедниот“ пристап (долгогодишниот циклус „Соседи“) за да ослика општествено - политички теми, и тоа во серија од 12 фотографии на пејзажи најчесто колорни, но неколку и црно – бели. Кон таа насока гравитира и неговата серија „Соседи: Земјишни спорови“ од 2015 година, како и Инстаграм сериите “Roadside” и “Roadworks”.

И токму во начинот, културните и општествени референци и генералниот естетски избор, Мусовиќ ја крши традицијата на фотографијата. Во тој контекст важно е да се спомenат уметниците кои на авторот му служат како референца - посебно Ед Руше, но и Роберт Адамс, Бернд и Хила Брехер и изложбата “New Topographics” (1975). Тој го користи фотографскиот медиум прецизно и посветено, со еден документаристички пристап, и речиси резервирано како стамен сведок. Она што е специфично овде е и фотографирањето од кола или од двокатните автобуси во Скопје како еден начин на справување со авторовата фобија (велобофија), а е евидентно во сериите „Патоградба (Автопат)“ и „Антигона 2“.

Мусовиќ вели: *Она што го гледам како разлика со Руше е што неговите предели се нешто за тоа време ново, се оптимистички и ослободувачки - бензиски пумпи со неонски реклами и станбени згради, висококатници, а кај мене тие се напуштени, оштетени, не се повеќе во функција, заборавени, само траги на тоа што некогаш биле* („*Напуштеност*“, „*Дивоградби* (*Штип*)“). *Од друга страна јас гледам оптимизам во тие субверзивни тактики на освојување на просторот на Ромите* („*Запоседнување*“, „A Balancing Act“). *Заедничко пак ни е тој документаристички приод, можеби привид на објективност и привлечност кон зачудното* (uncanny) *наспроти возвишеното* (*како кај Ансел Адамс*).

Најверојатно намерно, но можеби и интуитивно, Мусовиќ го поставува видеото „A Balancing Act“ како момент на издишка но и како интрузивен, контестирачки момент на организација и функционирање, кој е во контекст на размислувањата на Пасакал Хилен за хетерогениот колектив на циркусот како поинаква можност на организирање, регулација и акција кое може да направи пробив или разнишување на востановената репресивната либерална логика.

И како што вели Мусовиќ, *во таа борба на интереси се создава еден зачуден простор кој е и познат и туѓ во исто време, простор кој има нивоа на значење кои не се секогаш сфатливи.*

Ивана Васева



Мала метална едноспратна барака на раскрсницата на главната улица и мала споредна улица изградена по земјотресот во 1963-та, веројатно изработена во Србија. Куќата беше позната како место на убиство (патрицид) во деведесетите. Куќата стоеше тука до средина на двеилјадитите.
Бидејќи бараката е на главната улица, разни инвеститори беа заинтересирани за плацот. Сопствениците ја продадоа земјата а за возврат од инвеститорот добија и стан (од задната страна) во новата двокатница изградена на местото на бараката. На горниот кат и позади се станови, додека на долниот спрат кон главната улица е деловен простор кој се издава. Тој простор изгледа нема многу среќа, откако е изградена новата куќа, деловниот простор промени намена четири пати - прво беше продавница за чевли, па банка, па ресторан, и сега е спортска обложувалница.

A small one story metal prefab house on the corner of the main street and a small side street, built after the earthquake of 1963, probably manufactured in Serbia. An impoverished family lives here. The house was known as a site of a patricide that happened sometime in the '90s. It stood here till the mid '00s. Since the house was on the main street, it attracted the interest of the property developers. The owners sold the land to a developer and in exchange got an apartment to live in the back of the newly built large two story house. On the upper floor and in the back are housing apartments and on the ground floor facing the main street a commercial space that the new owner rents. It does not seem to be a particularly lucky spot though, as since the house was built in mid '00s the commercial space changed the occupants already 4 times, first it was a shoe shop, then a bank, a restaurant and now it is a sport betting shop.




Обновување_Redevelopment
2017



Запоседнување_Occupation
2017



Дивоградби (Штип)_Wildbuilds (Shtip)
2017



Дивоградби (Штип)_Wildbuilds (Shtip)
2017



Дивоградби (Штип)_Wildbuilds (Shtip)
2017



Узурпација: Овоштарникот_Land Grab: The Orchard
2017



Потврда

Јас Димитрија Колароски, ул. Корчевска бр. 45 примив сума од 5.000,- нд (пет илјади нови динари) од Мусовиќ Богдан на име Капар, за продадено место нива „Локва". по договорена цена од 80,00 осумдесет нови динари по м² - метар квадратен површина. Договор за купопродажба накнадно ќе се направи

сведоци: 1. Тимчов Гвонича бр.л.к. 490196
2. Димитрија Колариов

*Кога имав околу десет години, татко ми купи парче земјоделско земјиште и почна да сади и одгледува разни овошки. Во мануелната работа во овоштарникот тој наоѓаше вистинско задоволство. Проучуваше книги за современото градинарство и го развиваше својот овоштарник со голема посветеност - на тоа мало парче земја (околу осум ари), тој засади околу 20 различни овошки.*

*Кога пред околу триесетина години татко ми се отсели од Скопје, а како јас никогаш не покажав интерес за овоштарникот, тој стана запуштен и во основа сега е напуштен. Со годините, многу работи околу овоштарникот се променија (гробиштата се проширија во близина, се изградија куќи во околината, а и државата се смени).*

*Во процесот на денационализација, пред неколку години, потомците на претходните сопственици (оние пред тие од кои татко ми го купил земјиштето) го бараат земјиштето (не само овоштарникот, туку многу поголемо парче земја), тврдејќи дека земјиштето било земено од нивното семејство незаконски. Бидејќи татко ми повеќе не живее (не е ни државјанин на Македонија), ниту пак некогаш се потрудил да добие имотен лист за земјиштето и не може успешно да го оспори нивното барање. Тоа практично значи - го изгубивме овоштарникот.*

When I was about ten years old my father, bought a piece of agricultural land and started growing various fruit trees. He found a lot of satisfaction in the work in the orchard and growing things by himself. He studied books about contemporary gardening and developed his orchard with quite a dedication – at that small piece of land (about eight ares) he grew some 20 different fruit trees and bushes.

When some thirty years ago my father moved out of Skopje and as I was never showing much interest in the beginning with, the orchard was not kept and was basically abandoned. In the years, much around the orchard changed (the local cemetery expanded near by, houses arose near, even the country changed).

In the process of denationalization some years ago the descendants of the previous owners (the ones before the one my father bought the land from) have claimed the land (not just the orchard, but much bigger plot of land), claiming the land was taken from their family illegally. As my father does not live here anymore (he is not even a citizen of Macedonia), nor has he ever got issued a legal property deed (at the time in socialist Yugoslavia, that was not priority) he cannot successfully contest their claim. This means, we have effectively lost that orchard.

Узурпација: Овоштарникот_Land Grab: The Orchard
2017



Антигона 2_Antigone 2
2017




Напуштање_Abandonment
2017



Патоградба (Автопат)_Roadbuilding (Highway)
2017



Патоградба (Автопат)_Roadbuilding (Highway)
2017



Патоградба (Автопат)_Roadbuilding (Highway)
2017



Патоградба (Автопат)_Roadbuilding (Highway)
2017



Патоградба (Автопат)_Roadbuilding (Highway)
2017







Балансирачка точка_A Balancing Act
2016

**Оливер Мусовиќ** е роден 1971 година во Скопје. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во 1997, каде што и магистрирал во 2004. Самостојно изложувал на 15-тина изложби во Македонија, Швајцарија, Словенија, Србија, Австралија и Црна Гора. Учествувал на бројни групни графички изложби и изложби на современа уметност низ целиот свет, меѓу кои позначајни се „Последици - Менување на културниот пејсаж, Тенденции на ангажирана пост-југословенска современа фотографија“, Љубљана и низ Европа во 2014-14, “History, Memory, Identity: Contemporary Photography from Eastern Europe”, Модена, 2009; Букурешкото биенале, 2008; Солунското биенале, 2007; „Во Балканските клисури“, Касел, 2003, Европско биенале на современа уметност - Манифеста 4 во Франкфурт, 2002, како и на Истанбулското биенале, 1999.
Учествувал и на неколку резиденцијални престои во Кореја, САД, Франција и Швајцарија.
Негови дела се застапени во повеќе јавни колекции како Фотографската фондација, Модена; Neuer Berliner Kunstverein, Берлин; Народен музеј на Црна Гора, Цетиње; Модерна Галерија/Музеј на современа уметност, Љубљана; Музеј на современата уметност, Скопје.
Неговите дела се публикувани во повеќе публикации - прегледи на современа уметност од најзначајните светски издавачи на уметничка литература, како “Autobiography” (Thames and Hudson, 2004), “Vitamin Ph – New Perspectives in Photography”, (Phaidon, 2006), “Photo Art, Photography in the 21st. Century”, (Aperture, 2008).

Oliver Musovik was born in Skopje, Macedonia, in 1971. Graduated from the Faculty of Fine Arts in Skopje in 1997, MFA in 2004. He had solo exhibitions in Macedonia, Switzerland, Slovenia, Serbia, Australia and Montenegro. He had participated at numerous international exhibitions, among others „AFTERMATH – Changing Cultural Landscape, Tendencies of engaged post-Yugoslavian contemporary photography“, Ljubljana and touring in 2012-14; “HISTORY, MEMORY, IDENTITY: Contemporary Photography from Eastern Europe” in Modena in 2009; the 3rd Bucharest Biennale in 2008, 1st Biennale of Contemporary Art “Heterotopia” in Thessaloniki in 2007, “The Gorges of the Balkans” in Kassel in 2003, Manifesta 4 – European Biennale of Contemporary Art in Frankfurt in 2002, 6th Istanbul Biennale in 1999.
Participated at artist-in-residency programs in Korea, France, USA and Switzerland.
His works are part of several public collections like the Museum of Contemporary Art, Skopje; Museum of Modern Art, Ljubljana; National Museum of Montenegro, Cetinje; Fondazione Fotografia, Modena.
His works have been published in art magazines and books, including “Autobiography” (Thames and Hudson, 2004), “Vitamin Ph – New Perspectives in Photography”, (Phaidon, 2006), “Photo Art, Photography in the 21st. Century”, (Dumont 2007 / Aperture, 2008).

musovik@gmail.com
www.olivermusovik.tk

This work is licensed under a Creative Commons AttributionNonCommercial-NoDerivatives 4.0 International License.
https://creativecommons.org/licenses/by-nc-nd/4.0/

*Програмата на Мобилна/Монтажна галерија на Центарот за современи уметности се реализира со поддршка на Општина Центар*


Oliver Musovik
musovik@gmail.com
www.olivermusovik.tk